V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната вредност на Договорот изнесува **179.741,00** денари со сите давачки , согласно прифатената понуда по јавната набавка.

VI ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 6

Во текот на периодот на осигурувањето, Договорувачот на осигурувањето е должен да го извести осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот.

Член 7

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на било која од договорните страни), обврските од овој Договор се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на Договорот за времето за кое е склучен.

Член 8

Доколку некоја од договорните страни побара промена во некои од условите за осигурување треба да упати писмено барање до другата договорна страна во рок од 90 дена.

VII ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Договорот се склучува на определено време за период од една година, сметано од 04.08.2018 година.

При потпишување на овој договор осигурувачот му ги врачи на Договорувачот на осигурувањето сите Услови за осигурување како во член 3 од овој Договор.

VIII НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 10

Осигурувачот е должен услугите кои се предмет на набавка да ги извршува на следниот начин:

Во рок од 3 дена по доставување на пријава за штета од страна на овластено лице на Договорувачот на осигурувањето да пристапи кон утврдување и процена на штетата, а во рок од 8 дена по доставувањето на пријавата и комплетирањето на документацијата да изврши исплати на утврдената сума.

IX НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

Член 11

Договорувачот на осигурувањето плаќањето на премијата за осигурување ќе го изврши на 12 еднакви месечни рати во рок од 30 дена од денот на доставената фактура за извршена услуга.

X РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Евентуалните спорови и недоразбирање, а кои произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Во случај на спор наделжен е Основниот суд Скопје 2 Скопје.